# ПОЛИО ПЛУС

## Годишен извештај за 2004 година

Полио плус - пост полио група за поддршка е македонска мултиетничка невладина организација којашто, стратегиски, се фокусира врз унапредувањето на законската регулатива преку самозастапување и подигање на јавната свест за правата на лицата со хендикеп.

Полио Плус е основана во 1999 година како одговор и револт на бесконечните трки со колички, шаховски и пинг-понг турнири. Ние знаеме дека лицата со хендикеп можат многу повеќе од тоа. Членовите на Полио Плус им се посветени на активностите за спречување на ерозијата на бенефициите и правата на лицата со хендикеп во РМ кои произлегуваа од видувањето дека хендикепот е едноставно само здравствено прашање како резултат на недостигот од комуникација во општеството.

Нашите членови се лица со и без хендикеп, припадници на различни етнички заедници, поради што претставуваа микро модел на инклузијата. Во моментот Полио плус брои 45 члена.

### ВОВЕД

Ова е извештај за севкупното работење на Полио плус во текот на 2004 година. Негов составен дел е Финансискиот извештај за презентираните активности, кои претставуваат основа за развој на програмата за работењето на Полио плус во 2005 година.

### ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

**Ревизија**

Еден од високооценетите приоритети на Полио плус во минатата година, во согласност со генералната определба на Здружението, беше подигањето на административно-финансиското работење на Полио плус на повисок степен на професионалност, при што следењето на административните процедури треба да се усогласи со стандардите коишто ќе ги задоволат критериумите на меѓународните донатори и фондации.

### ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Во духот на своите три основни и појдовни стратешки цели, Полио плус ги продолжи активностите на трите програмски фронта, но го зголеми и обемот и доменот на едната од програмските активности што дотогаш се работеше ад-хок, а тое е консултативната.

#### 1. Образование и вработување

**Креативната работилница во Специјалниот завод -** Креативното творење на штитениците од Специјалниот завод во Демир Капија во рамките на Креативната работилницата што пред неколку години ја востанови Полио плус во самиот завод, од декември 2003 година за следните 13 месеци беше финансиски поддржано од Амбасадата на Кралството Холандија.

**Едукативен центар -** Едукативниот центар што го оформи Полио плус во изминатиот период и олеснувањата за користење интернет за лицата со посебни потреби, за сето време на функционирање на овој центар обезбедуваа обука на лицата со хендикеп за користење компјутери, за курсеви по англиски јазик, како и за нивна обука за дизајнирање публикации и интернет-страници.

**2. Заштита и унапредување на правата на ЛХ**

**Интерпартиска парламентарна лоби-група** (**ИППЛГ) -** Првата Интерпартиска парламентарна лоби-група за правата на лицата со хендикеп во РМ ги помина консолидирачката и едукативната развојна фаза и навлезе во зрелата фаза од своето постоење и дејствување.

**3. Подигање на свеста**

**Кампања „Никој не е совршен“ -** Кампањата за подигање на јавната свест “Никој не е совршен” продолжи и во првиот дел од оваа година. Иако генерално, нејзиното продолжување беше многу помалку агресивно и видливо во јавноста.

**Магазин „Вулкан“ -** Магазинот ВУЛКАН во текот на годината доживеа свои нови четири изданија, а беше објавено и неговото издание на англиски јазик што претставува избор од дотогаш објавените написи во овој магазин, во боја, на 120 страници и во тираж од 1000 примероци.

**Награда „Вулкан“ -** Во рамките на годинашниот НВО Саемот по вторпат беа доделени наградите „Вулкан“ за особени креативни достреli на лицата со хендикеп за литература и за ликовна уметност, но, повторно, и Специјалната награда за особен придонес во промоцијата и афирмацијата на правата и способностите на лицата со хендикеп.

**4. Јакнење на капацитетите**

**Потреба од градење силен и единствен глас -** Освен консолидација на самата организација, како цел на оваа програма си го поставивме и зајакнувањето на движењето против хендикеп преку остварување координација меѓу организациите на лицата со хендикеп, како и минимум согласност за основните насоки на дејствување и лобирање, со цел да се изгради своевидно движење, кое потоа организирано и обединето ќе може да пристапи и да бара решавање на горливите проблеми пред институциите на системот.

**„Единствен глас“, советување и форум -** Во согласност со сè поевидентните европски и светски тенденции, потребата од обединување и усогласување на гласот на лицата со хендикеп од РМ, преку градење и зајакнување на нивниот силен и единствен глас, го поттикна Полио плус да отпочне серија средби на претставниците од „традиционалните“ и новоформените организации на лицата со хендикеп.

**5. Меѓународни активности и студиски посети**

**Студиски посети** - Студиските посети како активности имаат за цел запознавање со актуелните збиднувања и активности на полето на хендикепот во пошироки светски рамки.

**Учество на Третата сесија на Ад-хок комитетот при ООН -** Учеството на претставници од Полио плус на третиот Ад хок комитет кој во текот на мај 2004 се одржа во Њујорк е од големо значење. Имено, Полио плус беше единствената организација од Македонија и неофицијален претставник на земјата, бидејќи, за жал, нашата држава, и покрај тоа што е членка и има претставници во Организацијата на Обединетите нации, не испрати свои претставници, кои би зборувале од името на државата.

**Студиска посета во Тузла:** Во периодот од 27 до 29 октомври оваа година во Тузла (Кантон Тузла, БиХ), за првпат на балканскиот простор беше реализирана регионална Конференција посветена на „Универзалниот дизајн“, проектот на Институтот за истражување на хендикепот и рехабилитацијата при Министерството за култура на САД, чија реализација била започната во периодот од 1994 до 1997 година.

**Учество на Конференција за достапност (Белград, СЦГ) -** Во периодот од 9 до 13 декември 2004, претставници од Полио плус учествуваа на 5-тата по ред Коференција за пристапност – достапноста на јавните објекти, инситуции, како и пристапот до информациите во самите институции, а се однесуваат на лицата со хендикеп.

**Посета во Бугарија -** Во почетокот на октомври беше одржана меѓугранична средба на претставници од нашата организација и пртставници на Центарот за независно живеење

од Софија, по повод зацврстување и развој на соработката помеѓу двете организации. Средбата се случи во Ќустендил, Р. Бугарија, од 9 до 10 октомври 2004 г.

**Студиска посета во Холандија -** Во текот на ноември 2004 имаше уште една студиска посета за што сметаме дека е важно да информираме за тоа. Се работи за посета на Арнем, Холандија, организирана од страна на Иститутот за дефектологија од Скопје. На покана на професорите од овој факултет, отидовме како дел од нивниот тим што работи на проектот ТЕМПУС (проект поддржан од Европската комисија), кој начелно е за поттикнување на соработката меѓу универзитетите во Скопје и во Армен.

**Учество и активности на 4 НВО Саем (03-05.12.2004) -** Младиот граѓански сектор во државава оваа година доживеа впечатлив растеж и созревање, правејќи огромен исчекор и опфаќајќи ги во своите редови конечно видливо и официјално, и организациите на лицата со хендикеп. На својот форум, четрвти по ред, граѓанското општество оваа година во фокусот го стави токму феноменот хендикеп, а започна токму на меѓународниот Ден на лицата со хендикеп.

**Маратон 704 и негова промоција -** Во промовирањето на потфатот на Миле Стојковски од Прилеп беше ангажиран целиот тим на Полио плус. На прес-конефренцијата, која Полио плус ја организира во „Александар палас“, пред започнувањето на неговиот „Маратон 704“ - како што самиот Миле го нарече ова свое патување, учествуваше и претседателот на РМ, Бранко Црвенковски.

Претседател: Звонко Шаврески

За повеќе информации можете да се обратите на следната адреса:

ул. Митрополит Теодосие Гологанов бр. 2, влез 3
П.фах 55, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: 02/3298-327

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**за годината завршена на 31 декември**

| *(во илјади МКД)* | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | |
| Приходи од донации | **9.699** | **9.995** |
| Приходи од реклами и претплата на списанието Вулкан | 341 | 4.023 |
| Приходи од отуѓување на основни средства | 203 | - |
| Приходи од претходни години | 179 | - |
| Приходи од обештетување | 168 | - |
| Приходи од камати | 10 | 160 |
| Други приходи | 405 | - |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **11.005** | **14.178** |
| **РАСХОДИ** | | |
| Оперативни расходи | 12.472 | 13.523 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **12.472** | **13.523** |
| **КУСОК (ВИШОК) НА ПРИХОДИ** | **(1.467)** | **655** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**за годината завршена на 31 декември**

| *(во илјади МКД)* | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | | |
| Основни средства | 1.553 | 2.012 |
| **ВКУПНО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **1.553** | **2.012** |
| ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | | |
| Побарувања од купувачи | 385 | 703 |
| Останати краткорочни побарувања | 785 | 365 |
| Залихи | 216 | 270 |
| Дадени аванси | - | 73 |
| Вложувања во Оз Дизајн | 99 | - |
| Парични средства и парични еквиваленти | 399 | 1.957 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **1.884** | **3.368** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **3.437** | **5.380** |
| КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ | | |
| Капитал | 1.174 | 1.174 |
| Акумулиран вишок на приходи | 2.217 | 3.684 |
| **ВКУПНО ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ** | **3.391** | **4.858** |
| ТЕКОВНИ ОБВРСКИ | | |
| Обврски спрема добавувачи | 2 | 218 |
| Останати обврски | 44 | 304 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **46** | **522** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ, ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ** | **3.437** | **5.380** |

Полио плус ги обезбедува средствата од следните извори: Владата и Амбасадата на Велика Британија во Република Македонија, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Амбасадата на Кралството Холандија, Светска банка, Фондацијата Инстутут отворено општество Македонија и други.

PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
PO Box 355
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (02) 3116 638
+389 (02) 3111 012
+389 (02) 3110 623
Facsimile +389 (02) 3116 525

## Извештај на ревизорите

**До Полио Плус - Движење за лицата со посебни потреби**

Извршивме економско-финансиска ревизија на билансот на состојба на Полио Плус за годината завршена на 31 декември 2004 година и на соодветните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 14. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на Полио Плус. Нашата обврска е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашето испитување.

Економско-финансиската ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди на Ревизијата. Овие стандарди бараат да ја планираме и извршуваме ревизијата со цел да добиеме доволно сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување, докази што ги поткрепуваат износите и прилозите во финансиските извештаи, врз основа на тестирање. Економско-финансиската ревизија исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и проценка на презентацијата на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува доволна основа за нашето мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Полио Плус на ден 31 декември 2004 година, билансот на приходите и расходите и паричниот тек, подготвени во согласност со Меѓународните Финансиски Стандарди за Известување.

PRICEWATERHOUSECOOPERS
Скопје

02 Јуни 2005